ТУТУНСКИ КОМБИНАТ АД ПРИЛЕП (ТКП)

# ДОГОВОР БР.

## За производство и откуп на тутун од тип ПРИЛЕП за реколта 2025

Врз основа на член 13, 14 и 15 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи, овој договор за производство и откуп на тутун (во понатамошниот текст „Договор“) е склучен на:

XX.XX.2025 во Откупна Станица помеѓу: **Производителот**

**XXXXXX XXXXXXXXXСКИ** со адреса

ЕМБГ со трансакциска с-ка во НЛБ Б, Тел. бр.

како Производител и Продавач (во понатамошниот текст „Производител“) и

**ТУТУНСКИ КОМБИНАТ АД ПРИЛЕП** „ул Прилепски Бранители 85“ - 7500 Прилеп, претставуван од Генералниот извршен директор Александар Алексовски како Откупувач на тутун (во понатамошниот текст „Откупувач“),

Заеднички именувани како („Страните“)

КАДЕ ШТО:

- Производителот на тутун е носител на земјоделско стопанство евидентиран во Единствениот регистар на земјоделски стопанства (ЕРЗС) во подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Откупувачот е соодветно регистриран субјект овластен за откуп и обработка на тутун;

Според тоа Договорните страни се согласија за следното:

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

1. Производителот со овој Договор презема обврска да произведе и да му продаде на Откупувачот суров тутун во лист од реколта 2025 по сорти и количини наведени во Прилог бр. 1 кој е составен дел од овој договор.
2. Откупувачот со овој Договор презема обврска да ја откупи и плати договорената количина на суровиот тутун во лист произведена од Производителот, врз основа на проценка на реколтата на Производителот, според Правилникот за мерилата за квалитативна и квантитативна проценка на суров тутун во лист, издаден од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и други позитивни прописи, а по единечни цени за соодветниот квалитет, како што следи:

| ТИП ПРИЛЕП | Ароматичен | | | Дополнителен | Мувлив |
|---|---|---|---|---|---|
| Класа | I | II | III | I | |
| МКД/кг | **420** | **360** | **300** | **160** | **14** |

## II. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПРОИЗВОДИТЕЛОТ

1. Да произведе суров тутун во лист според овој Договор и тоа: тип Прилеп, сорта П-66-9/7.
2. Да користи само сертифицирано семе што ќе го добие од Откупувачот. Доколку користи семенски материјал кој не е од типот и сортата утврден од Откупувачот, овој договор ќе се смета за неважечки и ќе биде раскинат, а тутунот нема да му биде откупен.
3. Бројот на засадените стракови и очекуваното производство го утврдува Откупувачот со пребројување на засадената површина, а потоа производителот ги прима како точни.
4. Производителот нема да користи забранети заштитни средства при одгледувањето на тутун. На расадениот тутун на нива да врши целосна и навремена заштита против болести и штетници според Програмата за заштита на тутунот и инструкциите добиени од Откупувачот и да ги применува сите агротехнички мерки кои ќе ги препорача Откупувачот, а за секоја појава на болести и штетници да побара стручна помош од Откупувачот во рок од 24 часа. При примената на заштитни средства, Производителот строго ќе се придржува на ограничувањата во однос на дозирање, време и методи на нанесување дефинирани во упатството на производителот на заштитни средства. Заштитните средства ќе се употребуваат само по соодветна дијагноза со цел да се избегне појавата на резидуи во исушениот тутун, а заштитните средства соодветно ќе се чуваат вон дофат на деца.
5. За лична и превентивна заштита од Зелена тутунска болест (GTS) и појава на никотинско труење, алергија или други несакани последици за време на берба и нижење на тутунот, производителот како и другите лица вклучени во производството, треба да ги заштитат голите делови од телото и да користат сува облека, да не се бере влажен или росен тутун и во период кога е многу жешко.
6. Производителот ќе го бере само технички зрелиот и погоден тутунски лист и ќе продолжи со негово сушење според традиционалните методи и најдобрите практики. Тутунот не смее да се чува во простории каде може да прими страни мириси како: органски мирис (штала), хемиски мирис (пестициди, моторно масло, нафта, бензин и сл).
7. Не смее да се користи електрична машина со штеповање (шиење) за нижење на тутунот. Тутунот нижен на таква машина, ќе биде вратен при откупот.
8. Тутунот мора да биде селектиран и спакуван според условите изнесени во Правилникот за мерилата за квалитативна и квантитативна проценка на суров тутун во лист и инструкциите дадени од Откупувачот. При предавање на тутунот истиот да биде спакуван во картони за долни и средни листови не потешки од 17 кгр, а за врв и подврв не потешки од16 кгр.
9. Производителот да го предаде целокупното количество тутун во природен соодност на сите инсерции и во добра трговска кондиција, исчистен од страни примеси (вклучувајќи и тутунски цветови, семенски чушки и филизи) и без страни мириси. Производителот е должен произведениот тутун да биде исчистен од какви било синтетички страни примеси како отпушоци, пластични мрежи, пур-пена, пластика, најлон, гума, стаклена волна, пластични конци и други синтетички материјали што овде не се наведени. Откривањето на синтетички материјали при откупот на тутун може да доведе од страна на Откупувачот да се одбие целата количина. Констатирањето на неприфатливи количини на други нетутунски материјали, вклучувајќи и пердуви и чаури од инсекти од страна на Откупувачот, може да доведе до враќање на балите на Производителот за понатамошно чистење.
10. Производителот да обезбеди непречен увид во производството, сушењето и домашната манипулација на стручната служба на Откупувачот или надворешни ревизори и да прима тренинзи за Одржливо тутунопроизводство (STP) со што ќе ги применува методите за Добра Земјоделска Практика (GAP и STP), а според советите на стручните лица од Откупувачот. Производителот е согласен да обезбеди одредена количина на тутун или друг материјал потребен за анализа од страна на Откупувачот.
11. Производителот нема да склучува други договори за количината на тутун што е договорена со овој договор. Целосното договорено производство Производителот да го предаде на Откупувачот согласно договорената динамика. Дозволеното отстапување е максимум 10% од договорената количина.
12. Користениот аванс при пресметка и исплатата на тутунот да му се задржи со пресметана банкарска камата. Доколку од кои било причини примените аванси не ги врати во утврдениот рок за предавање на тутунот, Производителот ќе му го исплати на Откупувачот должниот износ со законска камата. За земениот аванс потпишува обврзница со двајца жиранти, производители на тутун кои склучиле договор со Откупувачот. Жирантите солидарно одговараат за обврските на должникот со вредноста на својот тутун и со својот движен и недвижен имот.

13. Производителот за кого е утврдено дека во определениот рок не го предал задолженото количество на тутун или предал помала количина од договорената, а без да постојат за тоа оправдани причини и не се придржува кон наведените обврски, должен е на Откупувачот за направената организација на производството да му плати договорена казна во висина од 20% од договорената количина за откуп на тутун по просечна цена на Откупувачот по кгр., на Производителот исто така ќе му се наплати по економска цена согласно одлуката за утврдување на цени на услуги и репроматеријали за реколта 2025 и тоа: семенскиот материјал, место за тутунски расади, амбалажен материјал – картонски кутии, конопци и заштита на тутунскиот расад и обезбедени други репроматеријали. Заради непостапувањето по чл.12 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи, од причини наведени во претходниот став. Откупувачот поднесува барање до надлежниот орган за поведување на прекршочна постапка против производителот согласно член 104 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи. Во случај на делумно или целосно уништување на производството, производителот е должен во рок од 10 дена да ја пријави штетата кај реонската служба.

14. Согласно чл.18 ст.1 од Законот за работни односи производителот се обврзува дека ќе ги почитува трудовите земјоделски практики (ALP) и нема да ги ангажира своите или други деца помлади од 15 години за активности во производството на тутунот кои би го попречиле нивниот психофизички развој. Строго ќе се придржува до стандардите за минимална возраст, ризичност на работата и лесна работа кои се пропишани од Меѓународната Организација за Труд или соодветни применливи позитивни законски прописи. Воедно Производителот се согласува да ги почитува сите позитивни прописи на локално и државно ниво и регулативи поврзани со спроведување на овој договор, вклучувајќи ги без ограничување сите применливи закони и регулативи поврзани со стандардите за труд (пр.надоместок, работни часови, недискриминација, праведен третман, безбедна работна средина, слобода на здруженија итн) и производство или транспорт на тутун, согласно Законот за работни односи и Законот за безбедност и здравје при работа и нема да вработува лица под закана, казна и спротивно на волјата на вработениот. Пред склучување на овој договор производителот се запознава со процедурата за Длабинска анализа и управување со последици и особено се обврзува дека: нема да ангажира деца-работници под 15 години; дека ќе ги заштити работниците од сексуално вознемирување и сексуална злоупотреба и дека нема да дозволи ракување со пестициди од страна на бремени жени или доилки. Доколку кај производителот се утврди постоење на една од овие 4 практики тогаш се врши еднострано раскинување на Договорот за производство и откуп на тутун.

15. Производителот ќе им овозможи на своите вработени и на независните претприемачи хумани работни услови, пристап до чиста вода за пиење, санитарни простории, соодветни паузи за храна и одмор и други услови за заштита на здравјето и безбедност на работникот и на истите ќе им врши обука за заштита од Зелената тутунска болест (GTS) како и обука за заштита и примена на пестициди.

16. Производителот ја изјавува својата согласност за користење на личните податоци наведени во Договорот, како што следи подолу:

- ТКП да ги користи моите лични податоци за потребите на компанијата поврзани со откуп, процесирање и продажба на тутун, а особено за проверување на мојата усогласеност со барањата на компанијата за Земјоделски и трудови практики (каде што ТКП ќе се однесува на Тутунски Комбинат АД Прилеп (Откупувач);
- ТКП да се однесува како Контролор на збирка на лични податоци согласно Законот за заштита на личните податоци и да може да ангажира трети страни за поддршка при собирање и техничка обработка на податоците;
- ТКП да ги користи моите податоци за креирање збирни анонимни извештаи кои може да им се презентираат на клиентите на компанијата.
- Моите лични податоци да се користат во согласност со важечките законски регулативи за заштита на лични податоци.
- ТКП да преземе соодветни технички и организациони мерки за заштита на податоците, осигурување на истите и усогласување со барањата за чување на податоци. ТКП се согласува на мое барање да ми овозможи пристап до моите лични податоци и доколку се забележат несообразности истите да ги коригира.

## III. ОБВРСКИ НА ОТКУПУВАЧОТ

1. Да му обезбеди на Производителот здраво, сертифицирано тутунско семе, набавено од регистриран снабдувач. Откупот и проценката на тутунот ќе се врши според Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи.
2. На Производителот да му обезбеди заштитни средства за заштита на тутунскиот расад од болести и штетници.
3. Преку својата стручна служба да ја следи и контролира заштитата на расадот и расадениот тутун од болести и штетници која непосредно ја извршува самиот производител и да дава благовремени стручни совети и помош на Производителот при имплементацијата на Добрите Земјоделски практики додека трае Договорот.
4. Авансирањето на Производителот треба да биде во согласнот со член 16 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи.
5. Плаќањето на откупениот тутун да го изврши преку банка во рок од 30 дена од предавањето на тутунот на трансакциска сметка на име на Производителот.
6. За почетокот на откупот, Производителот ќе биде известен од Откупувачот согласно Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи.

## IV. ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

1. Процентот на песокот и другите туѓи примеси при откупувањето на сувиот суров тутун го утврдува проценителот и се одбива од вкупната тежина на производството. Во случај на спор, одбиениот процент на песок и други примеси конечно се утврдува со примена на технички средства. Дозволената влажност на сувиот суров тутун при откупот изнесува до 16%. Вистинската влажност ја утврдува проценителот и тутунот со апсолутна влага од 16 до 20% и утврдената влажност ќе се одбие од бруто тежината. Во случај на спор, процентот на влажност конечно се утврдува со примена на технички средства.Тутунот со влажност од над 20% не се откупува.
2. Доколку за време на проценката се констатира дека тутунот е измешан од повеќе инсерции и класи, проценката ќе се изврши според најниската застапена класа во балата или картонот.
3. Откупувачот има обврска да изврши задршка на средства при исплата на откупениот тутун од Производителот согласно Закон, и да го исплати надоместокот за организирањето и застапувањето на претставникот од највисоката асоцијација на тутунопроизводители при откупот на највисоката асоцијација на тутунопроизводители, согласно Закон.
4. Овој Договор е склучен за време од една производна година.
5. Преносот на Договорот се врши согласно членовите 19, 20, 21 и 22 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи.
6. Откупувачот може еднострано да го раскине овој Договор во случај на непочитување на обврските од страна на Производителот наведени во глава II.
7. Производителот има право еднострано да го раскине овој Договор при непочитување на обврските од страна на Откупувачот наведени во глава III.
8. За сè што не е регулирано со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи.
9. Овој Договор е евидентиран во евиденцијата кај Откупувачот.
10. Овој Договор претставува изјава на производителот за земање на репроматеријали од кај купувачот согласно Законските прописи на промет, производи и услуги.
11. Измени и дополнувања на овој Договор, странките можат да вршат само со Анекс во писмена форма.
12. Сите спорови што произлегуваат од толкувањето и применувањето на Договорот ќе се решаваат со преговарање меѓу договорните страни, но доколку не се постигне спогодба, надлежен ќе биде Основниот суд во Прилеп.
13. Договорот е прочитан, протолкуван и потпишан од двете договорени страни во 3 (три) исти примероци, од кои 2 (два) примероци за потребите на Откупувачот и 1 (еден) за Производителот. Договорот да се чува заради подигање на репроматеријали, предавање на тутунот за тековната реколта и склучување на нов Договор за наредната реколта.

ПРОИЗВОДИТЕЛ ОТКУПУВАЧ Тутунски Комбинат АД Прилеп

____________________________ ____________________________

Прилог бр. 1 кон Договор за производство и откуп на тутун од тип Прилеп за реколта 2025

| Бр. Дог. | ТИП | СОРТА | ОПШТИНА | К.П Бр. | Место викано | ПОВРШИНА (м2) | Договорена количина (кг) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| ВКУПНО | | | | | | | |

ПРОИЗВОДИТЕЛ

_______________________________

ОТКУПУВАЧ Тутунски Комбинат АД Прилеп

_______________________________________